УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП
МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА

ISSN 1857-7296

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК

ГОДИНА 5 БРОЈ 5

**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**
**МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА**

ISSN 1857-7296

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК
# 2018

**ГОДИНА 5** **БРОЈ 5**

**ГОДИШЕН ЗБОРНИК**
**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП**
**МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА**

**За издавачот:**
проф. д-р Блажо Боев,
проф. м-р Антонијо Китановски

**Главен и одговорен уредник:**
проф. м-р Антонијо Китановски

**Одговорни уредници и редакциски одбор:**
проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска
проф. м-р Валентина Велковска-Трајановска
проф. м-р Горанчо Ангелов
проф. д-р Владимир Јаневски
проф. д-р Илчо Јованов

**Јазично уредување:**
Лилјана Јовановска

**Техничко уредување:**
Славе Димитров
Благој Михов

**Редакција и администрација:**
Универзитет „Гоце Делчев" - Штип
Музичка академија
бул „Крсте Мисирков" 10-А
п.фах 201, 2000 Штип, Македонија

## С О Д Р Ж И Н А

**Стефанија ЛЕШКОВА-ЗЕЛЕНКОВСКА, Валентина ВЕЛКОВСКА-ТРАЈАНОВСКА**
ИСТОРИЈАТОТ И РАЗВОЈНИОТ ПАТ НА ГУДАЧКИТЕ ИНСТРУМЕНТИ:
ВИОЛОНЧЕЛО И КОНТРАБАС (2) ........................................................................ 5

**Тихомир ЈОВИЌ**
ПОЛИФОНИЈАТА ВО КОМПОЗИЦИЈАТА ДОЈДОВМЕ ЗА МЕШАН ХОР
ОД ТОМИСЛАВ ЗОГРАФСКИ ........................................................................ 11

**Гоце ГАВРИЛОВСКИ**
УПОТРЕБА НА ФОЛКЛОРНИТЕ ЕЛЕМЕНТИ И
УМЕТНИЧКАТА ТРАНСПОЗИЦИЈА НА ФОЛКЛОРОТ ВО ВТОРИОТ
СТАВ „ЛАМЕНТОЗО“ ОД СИМФОНИЈАТА БРОЈ 5, НА
КОМПОЗИТОРОТ ТОМА ПРОШЕВ ........................................................................ 17

**Ивана ЈАНКОВ**
ДРАМАТУРГИЈА И НЕЈЗИНИОТ РАЗВОЈ НИЗ ОСОБЕНОСТИТЕ
НА МУЗИЧКИТЕИ ВОНМУЗИЧКИТЕ ИЗРАЗНИ СРЕДСТВА ВО
КОМПОЗИЦИЈАТА „МАКЕДОНСКО ОРО“ ЗА МЕШАН ХОР ОД
КОМПОЗИТОРОТ ТОДОР СКАЛОВСКИ........................................................................ 27

**Зоран НАСТОВ**
АСПЕКТИ НА ХАРМОНСКИОТ ЈАЗИК НА ПРВИОТ СТАВ
ОД СУИТАТА БР. 2 ОД БАЛЕТОТ „ЛАБИН И ДОЈРАНА“ ОД
КОМПОЗИТОРОТ ТРАЈКО ПРОКОПИЕВ ........................................................................ 33

**Александар ТРАЈКОВСКИ**
ПАВЛИНА АПОСТОЛОВА - ИНТЕРПРЕТАТОР НА 40 УЛОГИ НА
МАКЕДОНСКАТА ОПЕРСКА СЦЕНА ........................................................................ 39

**Дуња ИВАНОВА**
КОНТЕКСТОТ КАКО ПРЕДУСЛОВ ЗА МУЗИЧКО ДОЖИВУВАЊЕ ........................ 47

**Милица ШКАРИЌ и Елена ЕФРЕМОВА**
МУЗИЧКА ПИЈАНО ТЕРАПИЈА: СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ СО ПОЧЕТНИК
ПО ПИЈАНО НА 9 - ГОДИШНА ВОЗРАСТ ........................................................................ 53

**Бисера ИВАНОВА**
ФОРМА, ОРНАМЕНТИКА, АРТИКУЛАЦИЈА И ДИНАМИКА КАЈ
ИЗБРАНИ СОНАТИ ОД ДОМЕНИКО ЧИМАРОЗА ........................................................ 61

**Петре ШТЕРЈОВ**
КОНЦЕРТ ЗА ПИЈАНО И ОРКЕСТАР БР. 2 ОП. 21 ВО ЕФ-МОЛ
ОД ФРЕДЕРИК ШОПЕН ........................................................................ 65

**Петар ТРБОЈЕВИЌ**
МУЗИКАТА НА ФИЛИП ГЛАС, МИНИМАЛИЗМОТ И ТИРОЛСКИОТ
КОНЦЕРТ ЗА ПИЈАНО И ОРЕКЕСТАР ........................................................................ 71

**Ивана МИЛОШЕВИЌ**
ВЛИЈАНИЕТО НА ПЕЕЊЕТО ВО ХОР ВРЗ КОГНИТИВНОТО И
ЕМОЦИОНАЛНОТО СПОЗНАВАЊЕ НА ДЕЦАТА ........................................................ 75

**Лидија ЈОРДАНОВА**
УЛОГАТА И ЗНАЧЕЊЕТО НА ТЕОРИИТЕ НА
ПРОФЕСИОНАЛНАТА ОРИЕНТАЦИЈА ........ 81

**Горанчо АНГЕЛОВ**
ФАРИЗ ХАЈРУЛА – ЗУРЛАЏИЈА И ИЗРАБОТУВАЧ НА „КАБА“
ЗУРЛИ ВО Р. МАКЕДОНИЈА ........ 91

**Владимир ЈАНЕВСКИ**
МАШКИ ОБРЕДНИ ПОВОРКИ ВО МАКЕДОНСКАТА ЕТНОКОРЕОЛОШКА
КЛАСИФИКАЦИЈА ........ 103

**Стојанче КОСТОВ**
КРАТОК ОСВРТ НА ОРСКАТА ТРАДИЦИЈА ВО ЕТНИЧКИОТ
ПРЕДЕЛ РАДОВИШКО ПОЛЕ ........ 109

**Христијан НИКОЛОВСКИ**
ИСТОРИСКИ АСПЕКТИ НА КИНЕТОГРАФИЈАТА ВО МАКЕДОНИЈА ........ 115

**Силвестер ПРОЛЕ**
ЕТНОКОРЕОЛОШКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОРАТА ВО
РАДОВИШКОТО СЕЛО ГАБРЕВЦИ ........ 121

**Љупка СТЕФАНОВСКА**
47 ГОДИНИ РЕПУБЛИЧКИ ФЕСТИВАЛ НА НАРОДНИ ИГРИ И
ПЕСНИ „ИЛИНДЕНСКИ ДЕНОВИ“ – БИТОЛА (1971 – 2018) ........ 125

**Горан ВАСИЛЕСКИ**
ИВАНДЕНСКИТЕ ЖЕНСКИ ОБРЕДНИ ПОВОРКИ ВО
ПРИЛЕПСКО-БИТОЛСКО ПОЛЕ И ЖЕЛЕЗНИК ........ 131

**Тијана ЈАНЕВСКА**
ОРОВОДНАТА ПЕЈАЧКА ТРАДИЦИЈА ВО ПРЕДЕЛОТ ДУРАЧКА РЕКА ........ 139

**Бојан ПЕТКОВСКИ**
ФИЛМУВАНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОБРЕДОТ ЛАЗАРКИ
ОД ЕТНИЧКИОТ ПРЕДЕЛ ДОЛНИ ПОЛОГ ........ 143

**Дени СИНАДИНОВСКИ**
ВЕЛИГДЕНСКИТЕ ОБРЕДНИ ИГРИ ОД ЕТНИЧКИОТ ПРЕДЕЛ
ПОРЕЧЕ И НИВНИТЕ ЕТНОКОРЕОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ ........ 149

**Иво СОЛДАТОВИЌ**
ЖИВОТОТ И ДЕЛОТО НА ДРАГАН ЃАКОНОВСКИ-ШПАТО ........ 155

**Мирослав МИЛКОВСКИ**
МУЗИКАТА НА ЧИК КОРЕА ........ 163

**791:398.332(497.751)(049.3)**

# ФИЛМУВАНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОБРЕДОТ *ЛАЗАРКИ* ОД ЕТНИЧКИОТ ПРЕДЕЛ ДОЛНИ ПОЛОГ

Бојан ПЕТКОВСКИ

**Апстракт:** Тема на овој труд ќе биде процесот на снимање на реконструкција на обичај. Како пример ќе послужи снимањето на филм од овој тип кој за своја тематика ги има Лазарските обредни поворки од етничкиот предел Долни Полог. Поради комплексноста на севкупниот процес на изработка на филм од овој тип, истиот ќе биде проследен низ неколку фази и потфази. На самиот почеток процесот на работа беше поделен на две основни фази и тоа: прва фаза – истражувачка работа и втора фаза – практична (теренска работа). Како потфази се јавуваат консултирана стручна литература и теренски истражувања дел од првата фаза и избор на локации, традиционални носии, изработка на сценарио и проби со учесници како потфази на втората фаза.
***Клучни зборови*:** филм, реконструкција, обред, процес, фази, Лазарки, Долни Полог.

## Вовед

Во период кога формите на традиционалната култура се на изумирање или се задржани во рудиментирана форма, сѐпоголема е потребата од нивно системско евидентирање, стручно елаборирање и презентирање. Традиционалните вредности како оро, песна, инструмент и носија сѐ повеќе доживуваат своја сценска примена и презентација. Токму поради тоа се јави и потребата од еден поинаков вид на зачувување и презентирање на еден дел од културното наследство, во конкретниот случај Лазарските обредни поворки од етничкиот предел Долни Полог. Токму затоа основната цел беше снимање на видеозапис кој ќе ги реконструира споменатите обредни активности. Потребата за истото се јавува дотолку поради фактот што во голем дел од селата во етничкиот предел Долни Полог до ден денес се изведуваат споменатите обреди. Како појдовна фаза за снимање на филм од овој тип беше разгледување на претходни материјали од овој вид. При истражувањата можеше да се забележи дека филмови од овој тип имаме од авторката Вера Кличкова снимајќи филмувана реконструкција за Велигденските обредни игри од етничкиот предел Порече. Како следен автор на филмувана реконструкција на обред е проф. д-р Владимир Јаневски кој изработил три реконструкции и тоа: *Водичарки, Оплитање* и *Пишање*. Во однос на користена литература за изработка на филм од овој тип, досега нема автори кои пишувале на споменатата тема. При изработка на филмуваниот материјал реконструкција на Лазарските обредни поворки, главно ќе се следат пропорциите од претходно споменатите филмови на авторите Вера Кличкова и д-р Владимир Јаневски. Целта на овој труд е преку следење на процесот на изработка на филмуваната реконструкција на лазарски обреди од етничкиот предел Долни Полог да постави одредени фази и потфази преку чие следење може да се изработи филм од овој тип.

Во самиот вовед значајно е да се напомене дека филмот ќе ја третира традиционалната култура на етничкиот предел Долни Полог сместен во источниот дел на Полошката Котлина со административниот центар Тетово (Јаневски, 2013:43). Поточно, ќе бидат земени предвид женските обредни поворки изведувани на празникот Лазарова сабота. Празник на кој девојки (немажени) оделе од куќа на куќа и пееле наменски песни, чиј текст ги содржи фундаметалните обредни пожелби за здравје, среќа и благосостојба.

## 1. Истражувачка работа

Веднаш по одредување на тематиката на филмот, односно рекструкција на Лазарските обредни поворки од етничкиот предел Долни Полог, следеше процес на истражување на споменатата тема. Процесот се одвиваше во две потфази и тоа консултирање на стручна литература и теренски истражувања.

*1.1. Првата фаза од истражувачката работа* даде осврт на консултирање стручна литература, односно теориска и материјална подготовка (Јаневски, 2011:151–157). Во неколку наврати беа посетени библиотеките на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ од Скопје,

Библиотеката на Македонската академија на науките и уметностите, како и библиотеката на Музичката академија на Одделот за етнокореологија. Пред сè беше консултирана етнолошка литература преку која се лоцираше местоположба на етничкиот предел Долни Полог, како и неговите два потпредели Подгор и Посеље и селата кои ги опфаќаат. Етнолошката литература послужи и за детерминирање на лазарскиот обред: времето, местото и просторот, учесниците, начинот на изведба и користењето на обредните реквизити. Значајно е да се напомене и стручната литература која ги разработуваше традиционалните носии (Здравев, 1991: 46–50; Видиниќ, 2011: 14–63; Крагул, Петрушевски, 1987: 203–210) преку која успеавме да ги забележиме облековните елементи, нивната намена и функција. Во овој правец беа користени и стари црно-бели фотографии и дел понови во боја фотографии кои помогнаа при креирање на естетиката на носиите. Поради фактот што во видеоматеријалот беа опфатени повеќето сегменти на традиционалната култура, пред сè пеењето како фундаментален постулат на споменатиот обред, така и приклучните елементи: за традиционалните ора и инструменти беа консултирани литератури и од други научни сфери. За традиционалните напеви се користеше стручна литература која тема на свое елаборирање имаше мелодиски линии или текстови на Лазарски обредни песни (Величковска, 2008: 2–150; Бицевски, 1973: 47–49). Во овој дел од истражувањето како најефектен се јави историскиот метод (Јаневски, 2011: 3–9) преку кој ретроспективно се согледаа податоците. Подоцна преку користење на компаративниот метод (Јаневски, 2011: 3–9) можеше да се следат мелодиски напеви од постар и понов период при што за потребите на филмот беа избрани постариот тип двогласни напеви. Поради фактот што по лазарските обредни поворки, девојките оделе на *збирало* и изведувале традиционални ора, при процесот на консултирање на стручна литература се разгледуваа етнокореолошките податоци (Јаневски, 2010: 9). Во оваа фаза се здобивме со податоци за игроорниот репертоар, како и останатите етнокореолошки карактеристики (Јаневски, 2013: 43–44). Во оваа фаза беше следен и видеоматеријал кој датира од 1952 година (Петковски, 2018: 6), а се однесува на тогашниот фестивал во кој е забележана изведба на три ора од игроорната група од селото Теарцедел од етничкиот предел Долни Полог. За потребите на филмот беше избрано оро кое е со музичка придружба, па оттука се јави и потребата за консултирање на етноорганолошка литература.

*1.2. Втората фаза од истражувачката работа* имаше фокус на теренските истражувања. За науките кои ја третираат традиционалната култура, од особена важност се емпириските податоци здобиени од теренските истражувања. Теренските истражувања кои се реализираа за потребите на овој филм беа неколкукратни. Истите беа изведени индивидуално или групно со претходно подготвен системски прашалник или техника на слободно интервју. Теренските истражувања се вршеа во селата Џепчиште, Вратница, Старесело и Рогачево. При теренските истражувања беа опфатени теми кои претходно беа разработени во стручната литература. Во оваа фаза можеше да се забележи состојбата на теренот, при што значајно е да се напомене дека овој обред е сè уште во изведба, на еден рудиментарен начин. При теренските истражувања, освен разговорите со соговорниците, се работеше и на собирање на предмети од традиционални носии, дел по пат на донации, а дел откупени. Собраните облековни елементи ќе бидат проследени низ уште еден процец во втората фаза.

## 2. Практична работа

Откако беше проследена првата фаза и се добија информации потребни за реализација, следеше втората фаза, односно процесот на практична работа. Поради тоа што во втората фаза требаше комплетно да се подготви и сними филмот, како и да се добие финален видеоматеријал од истото и оваа фаза беше поделена на неколку потфази.

На самиот почеток следеше теренска работа која за цел имаше избор на локации каде ќе се снима видеоматеријалот. Од особено значење е да се напомене дека изборот на локации мора да се одвива во конкретниот етнички предел од каде потекнува обредот кој е тематика на видеоматеријалот. Критериумите кои беа поставени во оваа фаза, се однесуваа на автентичноста на локациите кои треба да имаат неасфалтирани улици и стара архитектура. Во оваа фаза се

појавија неколку проблемски решенија. Селата кои беа во низинскиот дел, односно селата на потпределот Посеље, беа сосем осовремени, како во однос на архитектура, така и во однос на инфраструктура. Во тој случај изборот на локации се сведе на планинските села, односно на селата од потпределот Подгор. Поголем дел од селата во овој потпредел беа речиси напуштени, но сепак истите изобилуваат со нова современа архитектура, како и инфраструктура на високо ниво. Единствено селото Стареселo имаше дел асфалтирани, а дел неасфалтирани улици, како и најголем дел настара архитектура, поради што истото беше избрано за локација на снимање на видеоматеријалот. Освен локацијата за снимање во смисла на архитектура и инфраструктура, значајно беше да се маркира и изгледот на флората. Лазарските обредни поворки се случувале напролет, оттаму при снимање значајно беше изгледот на природата да се соодејствува со изгледот на истата во автентичната изведба на овој обред, односно пролет.

Облековните елементи кои беа добиени при теренските истражувања, дел беа во зачувана состојба, но дел од нив беа уништени поради несоодветно чување. Втората фаза од овој процес имаше за цел реставрација на облековните елементи со користење на соодветни техники и материјали. Поради фактот што дел од облековните елементи не беа пронајдени во доволен број, во втората фаза беа изработени веродостојни копии. Значајно е да се напомене дека при изработката на копиите се следеа неколку важни критериуми и тоа: материјалот за изработка и кројните елементи, со што ќе се добие изглед соодветен на оригиналот. При теренските истражувања не беа пронајдени примероци на накит. Втората фаза имаше за цел да изработи соодветен накит кој беше изработен според примероци кои се наоѓаат во Музејот на Македонија во етнолошкото одделение, како и накит кој беше забележан на старите фотографии. При комплетирањето на носиите особено се внимаваше облековните елементи и накитот да соодејствуваат на социјалниот статус на носителот. Така беа оформени носии за: девојка, невеста, млада невеста, жена во средно доба, стара жена, стара жена во жалост, ерген, млад маж, детска женска носија, како и облеки за новороденче (Крстева, 1990:23–42; Видиниќ, 2011:14–55). Во оваа фаза беше реализирана и костим пробаза учесниците.

Еден од значајните постулати при снимање на филм од било каков тип е подготовката на сценарио. Сценариото имаше за цел да го следи лазарскиот обред, како и приклучните активности во текот на целиот ден Лазарова сабота. Поради фактот што станува збор за филм, а не за реална изведба на овој обред во автентична состојба, дел од активностите мораше да бидат адаптирани при што се внимаваше тоа да биде во минимална мера не нарушувајќи ги фундаменталните активности. Според теренските истражувања, во постар период лазарките своите обредни активности ги започнувале рано наутро, пред изгрејсонце, во три часот. Земајќи го предвид лошиот квалитет на видеоматеријалот кој би се снимил со недоволна природна светлина за потребите на филмот, уште од самиот почеток на обредот се снимаше во денска изведба. При некогашната изведба на овој обред лазарките оделе во секоја куќа изведувајќи ги своите наменски песни. За потребите на филмот беа снимени само две куќи, односно пеењето на лазарките во првата и во последната куќа.

Во втората фаза, на процесот на практична работа, следеше и изборот на ансамбл со кој ќе се реализира снимањето на видеоматеријалот. Во реализација на овој видео материјал учествуваа уметници од Ансамблот „МАКЕДОНИЈА“, поради фактот што станува збор за игроорно и музички едуциран кадар со големо сценско искуство токму од сферата на традиционалната култура. Подготовката се одвиваше во период од еден месец и истата го следеше претходно изработеното сценарио. Оттука произлезе потребата за реализирање на групни проби наменети за совладување на мелодиските напеви. Процесот на совладување на мелодиските напеви се одвиваше преку користење на мелографски записи, звучни примери од теренските соговорници, како и практична демонстрација. Беа реализирани и индивидуални проби со одделни солисти за полесно совладување на одредени драмско-миметички делови.

Последната фаза од изработката на видеоматеријалот беше практично снимање на истиот. Снимањето се одвиваше во еден ден во претходно избраното село Стареселo. Пред почетокот на филмот претходеше соодветно распејување на уметниците и нивно облекување во

традиционалните носии. Снимањето одеше последователно следејќи го сценариото. На почетокот беше снимено влегувањето на лазарките од почетокот на селото и нивното упатување кон првата куќа од селото. Почетокот на обредното одење во куќите се означува со песната *Берите се другачќе на Лазаре чидемо*. Подоцна во филмот се третираа три локации. На првата локација беше претставено семејство составено од: мајка (социјален статус жена во средно доба), син (социјален статус на ерген) и дете. Според споменатите социјални статусни улоги беа снимени и две наменски песни за истите и тоа: *Овде стара старица* – песна наменета за жената во средно доба, и песната *Овде јунак нежденет* – намената за синот со статусна улога на ерген. Со употреба на монолошката форма од страна на мајката: *Ооо бир ми испојавте на мене, на сина ми да га женим ама ми ги забрајвте овцете на овцете да ем испоете* упатена кон лазарките беше иницирана изведбата на следниот напев *Овде стадо големо* – наменска песна за овци и добиток. Откако беше изведена споменатата песна преку соодветен дијалог *Ево јајца и пареве земите ги,* како и соодветни драмско-миметички форми, беше снимен и процесот на дарување со бели варени јајца и пари. Втората локација третираше чин во кој се покажува дека лазарките не пеат во куќа во која семејството е во жалост, прикажано преку дијалошката форма *Ајде чидемо у Стојаницу* и *Како чидемо таму оробита е још година не прошло рукаете од кошуљата е се пуштене*. Третата локација третираше семејство составено од мајка (социјален статус на стара жена), млада невеста, невеста, младоженец и новороденче. На третата локација беа снимени наменските песни *Сам се Стојан фалеше* – наменета за младоженец и *Огрејало с'лнченце* – наменета на машко новороденче. И на оваа локација е снимен процесот на дарување. За да се укаже на функцијата на обредниот реквизит стап (тенко дрво високо 150 сантиметри орнаментирано со изрезбани појаси од 5 сантиметри), се употреби и монолошката форма од страна на младата невеста кон лазарките *У све куќе бевте, туе к'ј нас на крај. Пред да идете на збирало да не забрајте да ѓи акнете, да ѓи фрлите стапојте од змије да не бранив, после чидете на збирало.* Со оваа реченица јасно се укажува дека откако ќе поминат во сите куќи, лазарките одат на *рид* каде изведуваат ора и песни правејќи собор или во локалната терминологија познато како *збирало.* Видеоматеријалот завршува со снимање на соборско оро на гајда на ридот на крајот на селото каде некогаш се прававеле соборите.

За добивање на финален видеоматеријал, како последна етапа е компјутерското монтирање на снимениот видеоматеријал.

**Заклучок**

Очекуваните резултати од филмуваната рекнструкција на лазарските обредни поворки од етничкиот предел Долни Полог е да остави траен запис на дел од традиционалната култура на споменатото населние. Истиот има за цел да ги поттикне сè уште активните поворки да се одвиваат во континуитет, враќајки се на својата традиционална изведба. Поради фактот што овој видеоматеријал третира сè уште жива традиција, очекуваме во иднина лазариците од етничкиот предел Долни Полог да станат и заштитено нематеријално културно наследство.

**Користена литература:**


1. Бицевски, Т. (1973). Кон музичките карактеристики на лазарските песни од Долни Полог (Тетовско),
   Македонски фолклор, година VI, бр.12, Институт за фолклор „Марко Цепенков", Скопје
2. Величковска, Р. (2008). Музичките дијалекти во Македонското традиционално пеење, Институт за фолклор „Марко Цепенков", Скопје.
3. Видиниќ, Г. (2011). *Носијата во Долни Полог – Тетовско,* Музеј на Македонија, Скопје.
4. Здравев, Ѓ. (1991). *Македонски народни носии I,* Скопје.
5. Крагул, Ј. Петрушевски И. (1987). *Народната носија во тетовските села Лешок и Вратница,* Македонски
   фолклор година XX бр. 39–40, Институт за фолклор „Марко Цепенков", Скопје.
6. Крстева, А. (1990) Македонските женски носии – показатели на општествените односи, Македонски фолклор, година XXIII, бр. 45, Институт за фолклор „Марко Цепенков", Скопје.

7. .Јаневски, В. (2011). *Пишаните и визуелните извори за традиционалната игра од крајот на XIX век и почетокот на XX век*, Годишен зборник, бр. 2 Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, Факултет за музичка уметност, Штип.
8. Јаневски, В. (2010). *Главни карактеристики на игроорните подрачја,* Зборник на трудови II, Илинденски денови, Битола.
9. Јаневски, В. (2011). Техники и методи при етнокореолошки истражувања, Зборник на трудови III, Илинденски денови, Битола.
10. Јаневски, В. (2013*). Етнокореолошки карактеристики на македонските народни ора (по избранипримери),* Институт за фолклор „Марко Цепенков“, Скопје.
11. Петковски, Б. (2018). *Игроорниот репертоар на етничкиот предел Скопска Блатија во видеозаписите од XX век,* Зборник на трудови X, Илинденски денови, Битола.

**Информатори:**

Атанасовска Стеванка, родена 1936 год., с. Старесело, мажена и живее во с. Старесело

Благородна Петровиќ, родена 1938 год., с. Џепчиште, мажена и живее во Тетово